Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16) и член 103 став 1 потточка 3) од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15 и 190/16), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

**ОДЛУКА**
**за изменување на Одлуката за сметководствениот и регулаторниот третман на средствата преземени врз основа на ненаплатени побарувања**
**(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 26/17)**

1. Во Одлуката за сметководствениот и регулаторниот третман на средствата преземени врз основа на ненаплатени побарувања („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/13), во точката 6, ставот 2 се менува и гласи:

„Ревалоризациската резерва од ставот 1 од оваа точка може да се ослободи за делот кој:

- се однесува на продадените преземени средства за кои претходно бил прикажан износ на ревалоризациска резерва; или
- е еднаков на износот на добивката по оданочувањето, за кој Собранието на банката донесло одлука да се распореди во задолжителната општа резерва (општ резервен фонд) или во задржаната нераспоредена добивка, коишто ги исполнуваат условите за вклучување во редовниот основен капитал, согласно со регулативата на Народната банка за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот.“

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**О бр. 02-15/II-5/2017**
**27 февруари 2017 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Македонија**
**Димитар Богов**